# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТВКА НА КОНЦЕПТИ

во Североисточен плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Владимир Павловски |
| **Експерт:** | Димитар Ташевски |
| **Период на известување:** | 11.11.2012 – 31.12.2022 |
| **Датум на извештај:** | 31.12.2022 |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на подготовка на концепти, презентација пред клучните лица како и финална селекција на истите во текот на дадениот извештаен период.*

## 1. ПОСТИГНУВАЊА

Дадете кратко резиме за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување:

По потпишување на договорот со претставниците на Североисточен плански регион, експертот направи временска рамка за реализација на предвидените активности за регионалните форуми на заедницата како алатка за идентификација, приоритизирање и подготовка на проекти за финансирање преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023/24 година на Бирото за регионален развој – Министерство за локална самоуправа.

Првично експертот зема учество на Првата форумска сесија која се одржа во ресторан Грација, Куманово. На оваа форумска сесија беа посочени неколку области и подобласти:

1. Област 1 - Остварување на одржлив економски развој преку поголеми инвестиции, подобро деловно окружување и јакнење на конкурентноста
2. Област 2 - развој на човечкиот капитал во регионот преку унапредување на квалитетот и опфатот на образованието, згрижување на децата, квалитетот на здравствените услуги и социјални услуги, заштита и претприемништвото
3. Област 3 - подобрување на условите за живот преку унапредување на инфарструктурата, просторното планирање и животната средина
4. Област 4 - интеграција на развојот на земјоделството, руралниот развој и туризмот во регионот

Учесниците гласаа за приоритетните области и селектираа 2 приоритетни области и тоа, Област 3 и Област 4. Се работеше за транспаретно и партиципативно одлучување со широко граѓанско учество и можност за потранспретна рапределбна на средства за рамномерен регионален развој.

Воедно на оваа форумска сесија експертот доби релеватни информации во врска со селектираните приоритетни области и подобласти, идентификувани проблеми по општините, потреби и предизвици што го засегаат североисточниот регион.
Презентираните проблеми од страна на претставниците од општините кои учествуваа на првата форумска сесија беа сосема доволни за да може експертот да формира генерална слика за проблемите кои го засегаат регионот, потребите на секоја општина и начинот за нивно ублажување или решавање.
По завршување на првата форумска сесија експертот направи теренска посета на секоја пооделна општина од североисточен регион и при тоа разговараше со претставниците на општините, со цел подобро да се дефинираат концепт решенијата. Од реализираните разговори со секоја општина се доби подобра слика за проблемите по општините и како можат предложените концепти да помогнат во убжаувањето на првичната состојба (решавање на посочените проблеми).
Експертот во следната фаза подготви 6 предлог концепти, по еден за секоја од општините од североисточен регион. При подготвување на предлог концептите беа земени во предвид потребите на општините, начинот на решавање на проблемот која ја засега општината, предложениот апросимативен буџет, анализа на трошоците, придобивки користејќи го методот за најдобра вредност за потрошените средства.
Следеше изработка на презентација во Power Point каде беа детално разработени сите шест предлог концепти.
На втората форумска сесија која се оддржа во ресторан Грација, Куманово (учество земаа претствници од сите шест општини, невладин сектор, бизнис сектор, претставници од државни и јавни институции и други стеикхолдери), експертот детално ги презентираше сите шест предлог концепти пред присатните учесници.
Учесниците внимателно ја следеа презентацијата и добија релеватни информации за секој од предложените предлог концепти.
Во следната фаза експертот ги презентираше предлог концептите и пред претставниците на Советот за развој на североисточен плански регион.
Следеше фаза на финализирање на предлог концепти и подготовка на финални концепт решенија кои беа исто така презентирани пред Советот за развој на Североисточен плански регион.
На крај беа пополнети апликационите формулари за проекти врз основа на урнек доставен од страна на Бирото за регионален развој.
Сите првични шест предлог концепти, презентацијата во Power Point и финалните концепт решенија беа доставени до нарачателот, поточно во канцеларијата на Североисточен плански регион.

## 2. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 2.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности.*

Потпишување на договор за ангажман, одржување на состанок со претставниците на североисточен плански регион и добивање на првични релеватни информации околу планираните активности за успешна реализација на обрските од договорот, изработка на временска рамка и план за работа со теренска посета на секоја општина, обезбедување на информации за изводливост од административно – правен и финансиски аспект, анализа и истражување за релевантни елементи во врска со подготовка на првични предлог концепти, дефинирање на датуми за учество на првата и втората форумска сесија.

### 2.2 Активности после првата форумска сесија

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување помеѓу форумските сесии согласно концептот за реализирање на

регионалните форуми (број на предложени концепти, број на реализирани средби и цел на средбите- учесници и слично).

Согласно концептот за реализирање на регионални форуми, експертот по завршување на првата форумска сесија пристапи веднаш кон теренска посета на секоја пооделна општина од североисточен регион со цел да направи конструктивен состанок со претставниците на општините, со цел подобро да се дефинираат и оформат концепт решенијата.
На средбите секоја општина уште еднаш ги посочи проблемите со кои се соочува и кои можат да се решат со конкретен предлог концепт. Експертот на состанокот со секоја општина доби релеватни информации за да може да работи на концепт решенијата, престапност до технички документации, дали се решени имотно – правни односи за реализација на предлог проектот, оправданост на инвестицијата, дали е застапена регионална компонента, социјална инклузивност на предлог проектот, иновативност на предложениот проект, сопствено учество на општините и заедничко дефинирање на проектната идеја.
На секоја поединечна средба со експертот учество земаа градоначалниците, претставаници од локален економски развој, претставници од секторот на урбанизам и претставници од правните сектори.
Врз основа на добиените информации од средбите со општините (реализирани конструктивни 6 средби со претставници на секоја од општините од североисточен регион) и користејќи го досегашното искуство на експерот, беа подготвени шест предлог концепти, по еден предлог концепт за секоја од општините од североисточен регион.
Дополнително помеѓу двете форумски сесии беше изработена и презентација во Power Point каде беа детално конципирани сите шест предлог концепти со цел истите да бидат презентирани на втората форумска сесија.

**Табела 1.** Податоци за концептите и препораките дадени после првата форумска сесија

| Р. бр. | Предлог проектна идеа за концепт | Мислења и препораки за подобрување на концепт решенијата од страна на Советот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | **Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни машини за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово** | **Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот** | **Нема конкретни забелешки** |
| 2 | **Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково**<br>- **локален пат од село Никуштак до село Виштица** | **Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот** | **Нема конкретни забелешки** |
| 3 | **Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане**<br>- **локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет** | **Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот** | **Нема конкретни забелешки** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Костоперска карпа и локалитет Кокино<br>Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот | | |
| 4 | Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема<br>- локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби) | Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот | Нема конкретни забелешки |
| 5 | Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка<br>- локален пат с. Можднвњак (место викано Дубје) во должина од 3 км. | Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот | Нема конкретни забелешки |
| 6 | Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка<br>- локален пат с. Можднвњак (место викано Дубје) во должина од 3 км. | Нема никакви препораки и мислења за подобрување на концепт решенијата од страна на членовите на Советот | Нема конкретни забелешки |

## 2.3 Активности после втората форумска сесија

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување после втората форумска сесија согласно концептот за реализирање на регионалните форуми (број на реализирани средби и цел на средбите- учесници и слично).

По завршување на втората форумска сесија беа реализирани серија активности се со цел да се заокружат предложените предлог концепти и истите потоа да се доставаат до канцеларијата на Североисточен плански регион.

Најнапред беше детално анализирано се што се случуваше на втората форумска сесија, дискусиите кои беа водени, задоволството од презентираните предлог концепти.

Беше направена детална анализа на корисноста на трошоците на секој поединечен предлог проект, анализа на инвестицијата и нејзината оправданст, придобивкитеод проектот при тоа користејќи го методот “најдобра вредност за потрошените средства“.

На седницата на Советот за развој на Североисточен плански регион беа презентирани и елаборирани сите шест предлог концепти и при тоа се нотираа сите дадени предлози и препораки.

Експертот во следната фаза ги има подготвено финалните концепт решенија и истите ги има презентирано пред Советот за развој на Североисточен плански регион.

На крај врз основа на финалните концепт решенија, експертот пристапил кон пополнување на апликационите формулари за проекти финансирани од Бирото за регионален развој.

Сите подготвени финални материјали се доставени од страна на експертот до нарачателот, поточно до канцеларијата на Североисточен плански регион.

**Табела 2.** Годишната листа на предлог проектите (за БРР)

| Р. бр. | Наслов на предлог проектите | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Препорака од Советот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Оформување на функционални средини за подобрување на животната средина и руралниот развој** | **Центар за развој на Североисточен плански регион** | **42.539.736** | **Нема** |
| 2 | **Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот во Североисточниот регион** | **Центар за развој на Североисточен плански регион** | **30.536.968** | **Нема** |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.
Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| Проблеми/ предизвици | Преземени активности за нивно надминување | Научени лекции |
|---|---|---|
| Несоодветна родова и застапеност на млади лица како и недоволен интерес за присаство на бизнис заедницата на форумските сесии | Дополнителна мобилизација | Поканетите некогаш се спречени да присуствуваат и учествуваат, важно е да им се напомене дека нивната замена треба да биде соодветна |

## 4. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од експертската поддршка, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Експертската поддршка помина успешно, поточно беа реализирани сите предвидени активности и настани базирани на договорот. Експертот зема учество на двете форумски сесии, беа подготвени шест предлог концепти, предлог концептите беа презентирани пред учесниците на втората форумска сесија и пред Советот за развој на Североисточен плански регион, беа подготвени финални концепт решенија и потполнети потребните аппликациони формулари. Експертот ги има направено сите потребни анализи за оправданоста на предлог проектите за нивна имплементација, анализа на трошоци и приходи, придобивки од проектот користејќи го методот на најдобра вредност за потрошените средства.

На втората форумска сесија од предложените шест предлог концепти (6 приоритетни проекти), најповеќе гласови има добиено предлог концептот изработен за општина Крива Паланка: Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка (локален пат с. Мождивњак - место викано Дубје, во должина од 3 км).

Препораки од форумските сесии се однесуваа во делот на континуирано намалување на посочените проблеми кои ги засегаат општините од североисточен регион и тоа преку развој на вакви конкретни програми кои нудат можност за финансирање на нови развојни проекти потребни за решавање на вакви проблеми во општините. Воедно препораките се однесуваа и на поголема застапеност на регионалната компонента во проектите, вклучување и почитување на социјална инклузивност на проектите и ставање акцент на иновативност на проектите.

Место, ден, месец, година

Куманово, 31.12.2022

Одговорно лице

Димитар Ташевски

**Прилози:**

*Списоци на учество по средби*

*Записници од фориумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*